**Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Пречистен текст "Сл. Весник на РМ" бр.145/2014), член 7 став 1 алинеја 4 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопскиот плански регион, а согласно Проектот „Проширување на функциите на Центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор", Раководителот на Центарот, објавува**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 04-68/2
09.08 2016 год.
СКОПЈЕ

**ОГЛАС**
**За прием на работник на определено време (12 месеци)**

**Назив на Работно место:** **Координатор за одржлив развој и поддршка на приватен сектор во Центар за развој на Скопски плански регион**

0401
Рок на чување
20 год.
Потпис,

**Број на извршители:** **(1) Извршители**

**Одговара пред:** **Раководител на одделението**

**Главни работи и должности:**

- Ги следи законските и подзаконските прописи и другите општи акти од обласа на развој на бизнис секторот
- Работи на планирање, координирање, имплементирање, мониторирање и евалуирање на регионални програми и проекти за развој и поддршка на приватен сектор
- Работи на изготвување на предлог-програма, предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на плански регион и стратегија за развој и поддршка на приватен сектор на плански регион;
- Спроведува анализа и истражување на можни извори на финансирање за приватниот сектор со активен допринос за мобилизација на ресурси;
- Врши постојано информирање на бизнис заедницата за можностите за финансирање од различни извори
- Изработува и одржува дата база на податоци за постоечкиот бизнис секторот во планскиот регион и генерира податоци за потребите од поддршка на бизнис ентитетите

**Покрај општите услови за вработување предвидени со Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:**

- VII / 1 степен или со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС
- Минимум 5 (пет) години работно искуство, од кои минимум 3 (три) години работно искуство во подготовка, раководење и имплементација на проекти за развој и поддршка на бизнис сектор
- Познавања на политиката за рамномерен регионалниот развој и системот на локалната самоуправа
- Познавање на позитивните законски прописи, подзаконските акти и Владините регулативи релевантни за планирање, имплементација и евалуација на Програми за развој и поддршка на приватниот сектор
- Одлично познавање на MS Office

- Одлично познавање на Англиски јазик
- Добри организациски вештини
- Посветеност на работа и подготвеност за работа под притисок
- Способност за тимска работа
- Способност за решавање на конфликти
- Комуникативност, аналитичност, креативност

Работникот ќе работи на спроведување на проектните активности на Проектот **„Проширување на функциите на Центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор".**

**Потребни документи за аплицирање:**

- Мотивациско писмо
- Биографија (CV)
- Копии од документите кои го потврдуваат стекнатото работно искуство
- Дипломи-уверенија за познавање на англиски јази
- Дипломи-уверенија за познавање на работа со компјутери

Огласот е отворен 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето, и започнува да тече првиот нареден работен ден по денот на објавата.

Работодавачот ќе изврши избор во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за пријавување.

Работни часови неделно: 40; Работно време од 08:30 до 16:30; Работни денови: од понеделник до петок

Основна нето плата: 24.000,00 денари

Контакт лице: Ванчо Ќулумоски; Контакт тел: 02/3218-480

Пријавите за вработување со потребните документи да се доставаат до: Центар за развој на Скопски плански регион - Скопје, ул.``Беласица`` бр.2, Скопски саем 1 кат – Скопје или П.Ф. 1,1130 Скопје.

Ненавремено доставените и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите допоолнително ќе бидат известени за одржување на интервју од страна на Комисија формирана од Раководителот на Центарот за развој на Скоспки плански регион.

Центар за развој на Скопски плански регион

Раководител